**20090520880**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНО НАСЛЕДСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЧЛЕНСТВОТО ВО МЕЃУНАРОДНИОТ МОНЕТАРЕН ФОНД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за правно наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 април 2009 година.

Бр. 07-1879/1
16 април 2009 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАВНО НАСЛЕДСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ЧЛЕНСТВОТО ВО МЕЃУНАРОДНИОТ МОНЕТАРЕН ФОНД

Член 1

Во Законот за правно наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд (“Службен весник на Република Македонија” број 23/93), членот 2 се менува и гласи:

“На територијата на Република Македонија важат одредбите на Статутот на Фондот со изменувањата и дополнувањата од 28 септември 1969 година, 1 април 1978 година и 11 ноември 1992 година, како и од 28 април 2008 година и од 5 мај 2008 година.”

Член 2

Измените и дополнувањата на Статутот на Фондот од 28 април 2008 година и од 5 мај 2008 година од членот 1 на овој закон ќе влезат во сила со денот на формалното известување на Фондот дека предложените измени и дополнувања се прифатени од три петтини од членовите кои имаат 85% од вкупното гласачко тело.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.